# Идеологијата на работата

Жак Елил

1980

Пред какво било истражување или размислување за работата во нашето општество, треба да се биде свесен дека во него доминира идеологијата на работата. Во речиси сите традиционални општества работата не се сфаќала ниту како добро, ниту како главна активност. Истакнувањето на вредноста на работата се појавило во западниот свет во 17 век, најнапред во Англија и Холандија, а потоа и во Франција, и се развивало во трите земји заедно со економскиот раст.

Како превенствено да се објасни менталната и морална промена, од сфаќањето на работата како мака, казна или неизбежна нужност, до работата како вредност и добро? Може да се констатира дека таквата реинтерпретација, која довела до идеологијата на работата, произлегла од спојот на четири факти кои го модификувале западното општество.

Пред сè, со индустрискиот развој, работата станувала сè потешка и очигледно сè понехумана. Условите за работа значително се влошиле при преминот од занаетчиство, па дури и од мануфактурата (која веќе била тешка, но не и нехумана), кон фабриките. Тоа создало нов, немилосрден вид работа. А бидејќи, поради потребата од акумулација на капиталот, платата секогаш е пониска од создадената вредност, работата станала сè поинвазивна: го опфатила целиот човечки живот. Во исто време, работникот бил принуден да ги натера и својата жена и своите деца да работат за да успее да преживее. Затоа, работата станала понехумана од онаа на робовите, но и пототалитарна: не оставала место во животот за ништо друго, ниту за игра, ниту за независност, ниту за семеен живот. На работниците им изгледала како некаква судбина. Затоа било неопходно да се компензира таа нехумана ситуација со некаква идеологија (која прецизно одговара на Марксовото сфаќање на идеологијата), која од работата ќе направи доблест, добро, искупување, возвишување. За работникот би било апсолутно неподносливо работата, покрај сè останато, да се толкува и како проклетство.

Но ширењето на идејата за „работата како добро" била уште понеопходна зашто тогашното општество ги напуштило своите традиционални вредности, тоа бил вториот фактор. Од една страна, владејачките класи ја изгубиле длабоката вера во христијанството; од друга страна, работниците, селани без корени, изгубени во градот, веќе немале никаква врска со своите стари верувања, со традиционалната хиерархија на вредности. Затоа, брзо требало да се создаде некаква заменска идеологија, мрежа на вредности во која би можел да се смести човекот. За буржоазијата, вредност ќе стане она што е извор на нејзината моќ, нејзиниот подем: работата (и потоа парите). Што се однесува до работниците, видовме дека и ним требало да им се понуди нешто како објаснување, валоризација или оправдување на нивната ситуација, но исто така и хиерархија на вредности која би можела да ја замени онаа традиционалната. Така настанала идеологијата на работата, која се развивала во празнината создадена со исчезнувањето на другите верувања и вредности.

Но постои и трет фактор: нужноста од раст на економскиот систем била прифатена како вредност, и тоа примарна. Економијата немала клучно место во општествената мисла сè до 17 или 18 век. Економската активност сега станува создавач на (економска) вредност. Таа, во идеите на елитата, и тоа не само на буржоазијата, го зазела централното место во развојот на самата цивилизација. Како тогаш да не ѝ се припише клучна улога и во моралниот живот? А она што е пресудно во таа економска активност, она што се сметало за најубаво кај човекот, е работата. Сè се темели на неуморниот труд. Иако тоа во 18 век уште не било јасно формулирано, многумина веќе сфаќале дека работата создава економска вредност. А од таа вредност потоа многу брзо се преминувало кон друга вредност,

морална или духовна. Било неопходно една таква активност, толку суштински материјалистичка, да се оправда и морално и психолошки. Се подразбирало дека создавачот на економската вредност ги поставува и моралните и општествените вредности.

И конечно, последниот фактор што ја обезбедува таа доминација: идеологијата на работата се појавува во моментот кога настанува поголемо и поодлучно разделување меѓу оној што наредува и оној што слуша, во рамки на истиот производствен процес, односно меѓу оној што експлоатира и експлоатираниот, во радикално различни категории на работата. Во традиционалниот систем постои оној што не работи и оној што работи. Постоела разлика помеѓу интелектуален и физички работник. Но не постоела суштинска спротивставеност помеѓу задачите на управувањето или организацијата и извршните задачи: на физичката работа ѝ била дозволена поголема иницијатива. Во 18 век, оној што ја организира работата и ја спроведува експлоатацијата е исто така работник (а не некој што не работи, како, на пример, благородник), и сите се вклучени во кругот на работата, но со тотално спротивставување помеѓу експлоатираниот извршител и експлоататорскиот управник. Во економската сфера се воспоставуваат сосема различни категории работа.

Тоа се, верувам, четирите фактори што довеле (спонтано, а не макијавелистички) до идеологијата на работата, која ја има истата улога што ја имаат сите идеологии: од една страна, таа треба да ја замагли вистинската ситуација така што ќе ја префрли во доменот на идеалното, ќе го насочи целото внимание кон идеалот, кон благородното, кон доблеста; од друга страна, таа треба да ја оправда истата таа ситуација така што ќе ја прикаже во светли бои на доброто и на смислата. Таквата идеологија на трудот продрела насекаде и во голема мера доминира со нашиот менталитет.

*

Тогаш, кои се главните компоненти на таа идеологија: пред сѐ, централната идеја, која станува доказ, е дека човекот е создаден за да работи. Не постои друга можност за живот. Животот може да биде исполнет само преку работа. Се сеќавам на еден надгробен споменик на кој, под името на починатиот, пишуваше само: „Работата беше неговиот живот.“ Ништо друго немало да се каже за целиот живот на еден човек. А во исто време, во првата половина на 19 век, се појавила идејата дека човекот се издвоил од животните и навистина станал човек токму затоа што од своите почетоци работел. Работата го создала човекот. И, многу значајно, иако во 18 век праисторискиот човек се нарекувал *homo sapiens* [разумен човек], на почетокот на 19 век превласт добил *homo faber*: човекот што создава орудија за работа. (Секако, тоа било поврзано со вистинските откритија на праисториските алатки, но таа промена на акцентот сепак е поучна.) Исто како што работата лежи во коренот на човекот, така таа може да му даде и смисла на животот. Тоа не е смисла сама по себе: човекот ѝ ја придава преку своите дела и преку остварувањето на својата личност во работата, која нема потреба од никакво оправдување или легитимација, работата има смисла самата по себе, таа ја содржи својата награда, и тоа како преку моралното задоволство од „самоостварувањето“, така и преку материјалната корист што секој ја добива од сопствениот труд. Работата во себе ја носи наградата, но носи и дополнителен надомест (пари, углед, оправдување). *Labor improbus omnia vincit* — „Упорната работа победува сѐ.“ Тоа станало главното мото на 19 век. Всушност, трудот е татко на сите доблести, како што безделничењето е мајка на сите пороци. Текстовите на Волтер, еден од творците на

идеологијата на работата, во тој поглед се сосема јасни: „Работата нѐ оддалечува од трите големи зла: досадата, порокот и бедата", или „Натерајте ги луѓето да работат и ќе добиете чесни луѓе." И не било случајно што токму Волтер бил тој кој ја истакнал трудољубивоста како доблест. Имено, станала доблест што ја оправдува. Човек може да направи многу грешки од секаква природа, но ако е добар работник, ќе му биде простено. Само еден чекор понатаму, и се стигнува до тврдењето, кое иако не е современо, гласи: „Работата е слобода." Таа формула денес звучи трагично, ако се сетиме на паролата на влезот во Хитлеровите логори: *Arbeit macht frei* („Работата ослободува"). Но во 19 век сериозно се објаснувало дека всушност само работата е слободна, за разлика од номадот, кој зависи од околностите, и просјакот, кој зависи од другите. Работникот, тоа го знаат сите, не зависи од никого, освен од сопствената работа. Така работата била претворена во гаранција на Слободата.

А таквиот морал има две современи примени: Во својата способност за работа, Западот ја пронашол и својата оправданост и објаснувањето за својата надмоќ над сите народи на светот. Африканците биле мрзливи. Затоа постоела морална обврска да се научат да работат, тоа било оправдување за освојувањето. Не можел да се прифати ставот дека треба да се престане со работа кога се има доволно храна за следните два или три дена. Судирите помеѓу западните работодавачи и арапските или африканските работници во периодот од 1900 до 1940 година биле бројни токму поради тоа. Но, она што е особено интересно, тоа вреднување на човекот преку работата го прифатиле и феминистичките движења. Мажот ја држел жената во потчинета положба зашто само тој извршувал општествено признаена работа. Денес жената не се вреднува доколку „не работи": се смета дека одржувањето на домаќинството и воспитувањето на децата не е работа, зашто не е производна работа што носи пари. На пример, Жизел Халими рекла: „Голема е неправдата што домашните работи ја држат жената понастрана од професионалниот живот." Тоа е исклучување што ја спречува жената да ја достигне својата целосна човечност и што ја претвора во последната колонизирана човечка категорија. Со други зборови, работата, која во индустриското општество е извор на вредности, која станала корен на секоја реалност, преку идеологијата е трансформирана во надреалност, натоварена со врховно значење од кое својата смисла ја црпи сиот живот. На тој начин работата е поистоветена со моралот и го зазема местото на сите други вредности. Таа е носителот на иднината. Сѐ што е поврзано со иднината, било на поединецот, било на колективот, се темели на ефикасноста и сеопфатноста на работата. Во училиште, најнапред и пред сѐ, децата се учат на светата вредност на работата. Тоа бил темелот (заедно со Татковината) на основното образование во периодот од околу 1860 до 1940 година. Таа идеологија целосно проткајала цели генерации.

Меѓу другото, сето тоа води до две многу видливи последици. Пред сѐ, ние сме општество што постепено ги принуди сите да работат. Рентиерот, како претходно Благородникот и Монахот, кои и двајцата биле безделничари, станал презрена личност кон крајот на 19 век. Само работникот е достоен за името човек. И детето, во училиште, е принудено да работи нешто што никогаш не се случувало во ниедна цивилизација. (Тука не мислам на суровиот индустриски или рударски детски труд од 19 век, кој бил спореден и поврзан со капиталистичкиот систем, а не со идеологијата на работата.)

И уште една последица, навистина сосема разумна: од што би се состоел човечкиот живот доколку човекот не работи? Невработениот, иако добива доволен надомест, останува

без потпора и без почит зашто не учествува во платена општествена активност. Предолгото безделничење е вознемирувачко, придружено со грижа на совест. Треба да се помисли и на бројните „пензионерски драми“. Пензионираниот човек е најфрустрираниот: неговиот живот повеќе не е продуктивен, нема легитимитет, тој повеќе не служи за ништо. Тоа е многу распространето чувство што произлегува единствено од фактот дека идеологијата го убедила човекот дека работата е единствениот нормален начин да се искористи животот.

*

Идеологијата на работата е од особен интерес во онаа мера во која претставува совршен пример за идејата (која не треба да се генерализира) дека владејачката идеологија всушност е идеологија на владејачката класа, која ѝ ја наметнува сопствената идеологија на потчинетата класа. Всушност, таа идеологија на работата, заедно со развојот на индустријата, станала интегрална творба на буржоаската класа. Таа го заменува целиот морал со моралот на работата. Но тоа не го прави за да ги измами работниците, за да ги натера да работат повеќе. Имено, и самата буржоазија верува во неа. Таа е таа што, за себе, ја поставува работата над сè. Првите буржоаски генерации (индустриските водачи, на пример) биле луѓе страствено посветени на работата, кои работеле повеќе од сите други. Тие не го создале тој морал за да ги зауздаат другите, туку како оправдување за она што самите го прават. Буржоазијата повеќе не верува во религиозните вредности, а многу малку во традиционалните: таа сè заменува со оваа идеологија, која истовремено го легитимира и она што го прави и начинот на кој живее, како и системот што самата го организира и воспоставува. Но, се разбира, како што веќе рековме, како и секоја друга идеологија, и оваа служи за да ја замагли и сокрие положбата на пролетаријатот (ако некој работи, тоа не е принуда, туку доблест).

Она што е фасцинантно е дека оваа идеологија, создадена од буржоазијата, станала сурова и основна идеологија на работничката класа и нејзините мислители. Како и поголемиот дел од социјалистичките мислители, и Маркс паднал во нејзината замка. Тој, кој толку проникливо ја критикувал буржоаската мисла, без воздржување ја прифаќа идеологијата на работата. Неговите текстови се преполни со тоа: „Историјата не е ништо друго освен човечко творештво, создадено од човечкиот труд. Трудот го создаде самиот човек“ (Енгелс).

А еве и убави текстови од самиот Маркс:

> „Во твоето користење на мојот производ, јас ќе уживам директно од свеста дека сум задоволил една човечка потреба и дека сум ја објективизирал суштината на човекот, дека сум бил посредник помеѓу тебе и човечкиот род, дека си ме спознал и почувствувал како дополнување на сопственото битие и како неопходен дел од себеси. Односно, дека си ме потврдил и во својата мисла и во својата љубов, дека во индивидуалната манифестација на мојот живот и на твојот живот си ја создал, значи, си ја потврдил и реализирал непосредно во мојата работа... човечката суштина, мојата општествена суштина.“
>
> Карл Маркс, *Ракописи од 1844 година*

> „Преку обликувањето на светот на објектите на својата работа, човекот навистина се открива како генеричко суштество. Неговото производство е неговиот творечки генерички живот. Преку него, природата се појавува како негово дело и негова реалност. Поради тоа, предметот на работата е објективизација на генеричкиот живот на човекот, зашто тој не се развива идеално во својата свест, туку реално, како творец. Така човекот се гледа себеси во еден свет што самиот го создал со својата работа.“

Карл Маркс, *Ракописи од 1844 година*

Еден од неумолните напади на Маркс на капитализмот се темели токму на оваа точка: капитализмот го деградирал човечкиот труд, го обезвреднил и отуѓил. Работата во овој свет повеќе не е работа. (Тој заборавил дека токму тој свет го конструирал возвишениот лик на работата!) Капитализмот треба да се осуди, меѓу другото, за работата повторно да ја најде својата возвишеност и својата вредност. Маркс, истовремено, по тоа прашање ги напаѓал и анархистите, единствените кои се сомневале во идеологијата на работата. Најпосле:

> „Во својата суштина, работата е манифестација на човечката личност. Произведениот предмет го изразува човековото индивидуално битие, тој е негов продолжеток, објективен и опиплив. Тоа е непосредно средство за опстанок и потврда на неговото индивидуално постоење“ (ibid.).

На тој начин Маркс интерпретира сè преку работата и неговиот славен доказ дека само работата е создавач на вредности се темели на таа буржоаска идеологија (сепак, буржоаските економисти биле тие што, пред Маркс, работата ја направиле извор на сите вредности...).

Но таквиот поглед не го прифатиле само социјалистичките *мислители,* тоа го сториле и самите работници, но и синдикатите. На крајот на 19 век се работело на промоција на зборот „Работници“. Било оправдано само да се биде работник и само нему можело да му се оддаде почит, за разлика од безделниците и рентиерите, кои биле лоши по својата природа. А под работа сè уште се подразбира само мануелна, физичка работа. Околу 1900 година во синдикатите се воделе остри расправии дали возвишената титула „работник“ може да им се додели на функционери, интелектуалци или службеници. Исто така, во синдикатите помеѓу 1880 и 1914 година постојано се повторувало дека работата го возвишува човекот, дека еден добар синдикалец мора да биде подобар работник од сите други, се промовирал идеалот за добро завршена работа итн.[1] И најпосле, синдикатите секогаш и пред сè бараат праведна распределба на производот од работата, па дури и прераспределба на моќта во корист на работниците. На тој начин може генерално да се каже дека синдикатите и социјалистите придонеле за ширење и зацврстување на идеологијата на работата, што, всушност, е сосема разбирливо!

[1] Можеби треба да се спомнат судирите во рамки на француското синдикално движење околу прашањето за саботажата. Поголем дел од синдикалните водачи ја сметале саботажата за недостојна за добро завршената работа и работничката чест, како и неприфатлива од аспект на работната етика. (заб. на Елил.)

Но, христијаните биле многу збунети од таквото триумфално ширење на идеологијата на работата. Во суштина, станувало збор за тоа да се променат одредени традиционални ставови за работата. А бидејќи буржоазијата од црквата очекувала потврда на легитимитетот, гледиштето на црквата се променило. Можат да се забележат различни аспекти на таа промена. Прво, толкувањето на Четвртата заповед.[2] Иако акцентот бил ставен на Сабатот, на отстранување на работата како осуда, на посветување на седмиот ден на Бога, на слободата овозможена само за момент на човекот, животното, земјата преку истакнувањето на Сабатот, се гледа дека акцентот се менува. Се инсистира на „Ќе работиш (со пот на лицето свое...)". Да, постои одмор, постои ден за пауза, но „Ќе работиш" престанува да биде само констатација на факт, на состојба, и станува заповед, императив, Божја наредба. Како најважен дел од тој текст се издвојува обврската што ја налага Бог — да се работи шест дена (ниту збор за англиската недела!).

Работата тогаш станува и прашање на спасение. Сè се менува повторно во однос на вообичаените средновековни идеи. Работата е позитивна вредност, влегува во христијанските вредности. А човекот што го посветува животот на работата станува некаков вид светец. Често ќе се каже дека работата е средство за посветување, како и за умртвување. Кога човек многу работи, тој не мисли на разни глупости... Црквата решително го следи учењето на Волтер. И се разбира, фактот што Исус бил работник почнува да се користи како доказ за вредноста на работата. Освен тоа, бил мануелен работник. Секако, кај евангелистите за тоа нема ни збор. Постои само алузијата дека бил „син на столар". Но зарем не е очигледно дека, како син на татка си, се занимавал со некој занает па и самиот бил столар? Колку дискусии за овој едноставен заклучок, кој не потврдува ништо! Најпосле, се подразбира, во контекст на таа идеологија, Исус не можел да биде скитник, просјак или некој што медитира. Требало да работи во работилницата на татка си. И колку дискусии за неговото пролетерско потекло (но тоа ќе дојде подоцна!). Работата, со таквите бројни искривувања, станала израз на христијанскиот (привилегиран) живот, за потоа, врз основа на формулата преземена од Лутер, да се поврзе со поимот „вокација", „повик". Самиот Бог е тој што го повикува Икс да стане лекар, а Ипсилон да стане пристанишен работник. Истовремено, Бог ѝ дава смисла на таа работа, каква и да е. Сето тоа е теолошка, но и идеолошка фабрикација од истата епоха. И лесно е да се разбере во кој момент тоа може да стане корисно за газдите. Обезбедувањето теолошки инструмент во светот на експлоататорите било едно од најголемите предавства на Црквата, која истовремено била и оправдување и обезбедување на нивната доминација. Имено, од тој момент било многу лесно на експлоатираниот работник да му се каже дека тоа е Божја волја. Дека неговиот занает претставува неговата вокација, дека барањето промена или бунтувањето значат противење на Божјата намера. Во таа смисла, Маркс имал право кога религијата ја нарекол „опиум за народот". Во 19 век капиталистите ја користеле теологијата на работата за да го затворат работникот уште повеќе во судбината на сопствената работа, која била прогласена за Божја волја и се прифаќала како животна судбина. Но треба да се каже уште нешто за теолошкото предавство во таа епоха: спротивно на работата, Библијата постојано и пред сè предупредува против идолатријата кон делата на нашите раце. Најголемата опасност на работата е да бидеме толку опседнати што, заведени од својот работа,

[2] Четврта заповед: „Сеќавај се на денот за одмор и нека ти биде свет. Шест дена работи и извршувај ја сета своја работа. А седмиот ден е ден за одмор посветен на Господа, твојот Бог." (заб. на прев.)

почнуваме да ѝ се поклонуваме и да ѝ припишуваме божествени својства. А кога Библијата зборува за тоа, таа не мисли само на статуи на Бога, предмети создадени за култни потреби и слично. Нејзиниот обем е поширок: зборува за севкупноста на „делата на нашите раце". Секој производ на нашиот труд може да стане извор на идолопоклонство, создавање лажна религија. Тоа е главното предупредување.

А кога Црквата почнува да ја проповеда позитивната теологија на работата? Точно во моментот кога таа, додека станува сатирична, ненаситна, отуѓувачка, истовремено произведува најграндиозни дела на човештвото. Човекот повеќе нема да се восхитува на делата на своите раце пред некој единствен, исклучителен споменик, туку пред инженерскиот гениј, пред моторите и возовите, пред мобилизацијата на енергијата и масовното производство, пред прекуокеанските бродови и, најпосле, пред авионот (да се задржиме на 19 век). Во тој момент, западниот човек се предава на тотално идолопоклонство (и тоа не само кон „доларот"!). А Црквата не го забележала тоа. Напротив, таа ја потврдила идеологијата на работата, која во таа идолатрија го добила својот конечен облик.

Сето тоа што Црквата, соочена со примарниот императив на работата, сметала дека било соодветно да се каже, биле убави морални совети до газдите да се заложат за подобар третман на работниците и да прават милосрдни дела, кои требало да ги ублажат крајната беда и болестите. Во меѓувреме, на сиромашните гледала со недоверба. Имено, во христијанската средина на таа епоха било широко распространето уверувањето дека ако некој е сиромав, тоа е затоа што не го следел божјиот закон на работата. Па затоа бил виновен. И секој добро знаел да направи разлика помеѓу чесните и вредни сиромаси и оние мрзливите и безделниците, кои не заслужуваат некој да се занимава со нив. Идеологијата на работата нагрнала во Црквата на сите врати.

Идеологијата на работата и натаму постои како идеолошки феномен, и покрај многуте оспорувања изминативе дваесетина години; но таа и натаму се обидува да оживее и да се легитимира, како на пример кај Херцберг, во делото *Работата и човечката природа* (Frederick Herzberg, *Work and the Nature of Man*, 1966; француски превод 1972).

Анархистичка библиотека

Жак Елил
Идеологијата на работата
1980

P. Mendès, „L'idéologie du travail", *Foi & Vie*, no 4, јули 1980.
Жак Елил, потпишан како П. Мендес, „Идеологијата на работата", списание *Foi & Vie*, бр. 4, јули 1980; подоцна повторено во изданието на J. Ellul, *Pour qui, pour quoi travaillons-nous?*, избрани текстови, презентирани и коментирани од Мишел Уркад, Жан-Пјер Жезекел и Жерар Пол, *La Table Ronde*, Париз, 2013 (2018). Превод: Алек Кузмановски, 2025

**www.anarhisticka-biblioteka.org**